Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 12-1986/2
27-03-2020 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

НАЦРТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика |
| Одговорно лице и контакт информации: | Исмаил Лума и Валентина Старделова<br>Ismail.luma@economy.gov.mk<br>Valentina.stardelova@economy.gov.mk |
| Вид на Извештај | предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | -Регулатива на ЕУ која е усвоен од Министерскиот Совет на Енергетската заедница<br>-Усогласување со законот за прекршоци |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Во предложените измени и дополнувања на Законот за енергетика се транспонира адаптираната Регулатива 1227/2011 за интегритет и транспарентност на пазарите на големо на енергија, во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2018/10/MC-EnC, донесена на 29.11.2018 година. |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 20.03.2020 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 20.03.2020 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Во текот на 2020 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со предложените измени и дополнувања на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 96/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19) се врши усогласување на прекршочните одредби од овој Закон со новиот Закон за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19). Имено со новиот Закон за прекршоци се менува износот на минималната и максималната глоба за физичко лице, додека пак за правните лица при одмерување на глобата се води сметка за приходот остварен во претходната година, за број на вработени и за претходно санкционирање за исти или слични прекршоци. Во оваа смисла со измените на Законот за енергетика се прави градација помеѓу микро, мали, средни и големи претпријатија вршители на енергетски дејности, како и корисници на енергетските системи. Исто така, предвидени се исклучоци во однос на одмерување на глобата за прекршоци од областа на енергетиката, па така може да се изрече глоба во износ до 10% од приходот на правното лице во претходната година, за разлика од претходното решение според кое овој износ беше ограничен до 2%.

Дополнително се наведува обврска за изготвување на План за енергија и клима за период од најмалку десет години кој придонесува за засилена соработка помеѓу договорните страни на Енергетската заедница во областа на енергетиката и климатските промени, како и во примена на алатки за известување до Секретаријатот на Енергетската заедница

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Со новиот Закон за прекршоци се напушта концептот на одмерување на глобата за одговорното лице во правното лице кое врши енергетска дејност, односно корисник на енергетски систем во процентуален износ односно во овие случаи глобата се изразува во фиксен износ или во распон. Исто така, глобата за прекршочен платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот износ за прекршокот. При подготовка на овие измени и дополнувања се водеше сметка дека со новиот Закон за прекршоци се предвидува укинување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор, а против решенијата на прекршочната комисија дозволено е да се изјави правно средство до надлежен орган согласно Законот за прекршоците.

## 2. Цели на предлог регулативата

Во предложените измени и дополнувања на Законот за енергетика се транспонира адаптираната Регулатива 1227/2011 за интегритет и транспарентност на пазарите на

големо на енергија, во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2018/10/MC-EnC, донесена на 29.11.2018 година. Со оваа Одлука се утврдува обврска за договорните страни на Енергетската заедница во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на Одлуката во своето национално законодавство да ја транспонираат Регулативата, а во рок од 18 месеци од денот на донесувањето на Одлуката да отпочнат со имплементација на Регулативата.

Со транспонирањето на оваа регулатива се воспоставува обврска за одделни учесници на пазарите на големо со електрична енергија и природен гас да поднесат барање за запишување во евиденцијата што ја воспоставува, води и одржува Регулаторната комисија за енергетика, да доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и да објавуваат целосни и точни внатрешни информации од значење за енергетските производи со коишто се тргува на пазарите, со цел спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Република Северна Македонија има преземено обврски со ратификуваниот Договор за основање на Енергетската заедница да го усогласи своето национално законодавство со законодавството на Енергетската заедница.

Имено, согласно член 6 од Договорот за основање на Енергетската заедница страните треба да ги превземат сите соодветни мерки и активности за да обезбедат исполнување на обврските кои произлегуваат од овој Договор. Исто така страните треба да ги спроведуваат задачите на Енергетската заедница. Страните не треба да превземаат мерки кои ќе го загрозат исполнувањето на целите на овој Договор.

Согласно член 90 од Договорот за основање на Енергетската заедница доколку страна не успее да ги исполни обврските од Договорот во определен период, Секретаријатот на Енергетската заедница, друга страна, или Регулаторниот одбор можат да го покренат ова прашање пред Министерскиот совет. Исто така и приватни лица можат да поднесат жалба до Секретаријатот.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со донесување на измената на законот се подобрува обезбедувањето на интегритет и транспарентност, како и спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија. Одделни учесници на пазарите на енергија доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и објавуваат податоци и информации во однос на нивните капацитети и активности на пазарите на големо со електрична енергија и природен гас како и воспоставување обврска за одделни учесници на пазарите на големо со електрична енергија и природен гас да поднесат барање за запишување во евиденцијата што ја воспоставува, води и одржува Регулаторната комисија за енергетика, да доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и да објавуваат целосни и точни внатрешни информации од значење за енергетските производи со коишто се тргува на пазарите, со цел спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија. Исто така со Планот за енергија и клима се

прецизираат мерките за постигнување на целите предвидени со Стратегијата за енергетика како и олеснување на начинот за следење на реализацијата на Планот и известување на Енергетска заедница.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

Со предложените измени и дополнувања се утврдува кои дејствија се сметаат за недозволени манипулативни дејствија на пазарите на големо на електрична енергија и природен гас. За преземање на овие недозволени дејствија, како и за прекршување на обврските за запишување во евиденцијата што ја воспоставува, води и одржува Регулаторната комисија за енергетика и за објавување целосни и точни внатрешни информации, се пропишуваат соодветни прекршочни одредби.
Ако по спроведениот надзор Регулаторната комисија за енергетика утврди дека учесник на пазарот на големо го прекршил овој закон, прописите и правилата донесени врз основа на овој закон или обврските определени во издадената лиценца, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка во согласност со одредбите од овој закон.

### 4.2 Фискални влијанија

Со измената на законот не се предвидува доделување на државна помош, односно користење на буџетски средства.

Реализацијата на Планот за енергија и клима со цел постигнување на наведените таргети имплицира кон можна потреба за државна помош и користење на буџетски средства.

### 4.3 Социјални влијанија

Заради спроведување на социјална заштита од глобата која треба да му се изрече на вршител на енергетска дејност или учесник на пазарот на големо за направен прекршок е сразмерна со класификацијата во микро, мал, среден или голем трговец.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Планот за енергија и клима го изготвува Министерството за економија заедно со Министерствто за животна средина при што се следат националните цели и индикативната траекторија за енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, намалување на емисиите на стакленички гасови.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

При подготовка на овие измени и дополнувања се води сметка дека со новиот Закон за прекршоци се предвидува укинување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор. За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршоци министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок Прекршочна комисија.

б)трошоци за почитување на регулативата

Со предложеното решение се воспоставува ефективна законска рамка за обезбедување на интегритет и транспарентност, како и спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија, меѓусебно известување и координација на активностите на надлежните органи на РСМ со соодветните институции на Енергетската заедница

Предложениете решенија треба да ја достигнат крајната цел а тоа е:

-сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија на крајните потрошувачи во согласност со стратешките определби во областа на енергетиката;

- создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, кој што обезбедува високо ниво на сигурност во снабдувањето со енергија;
- безбедно, сигурно и ефикасно функционирање, одржување и развој на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и системите за дистрибуција на топлинска енергија со цел да се обезбеди високо ниво на услуги за потребите на корисниците на овие системи;
- заштитата на животната средина и климата од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

не

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со законот се предвидува рок за донесување на подзаконскиот акт, со цел за негова успешна имплементација.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:

- Влада на Република Северна Македонија
- Министерство за економија
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Регулаторна Комисија за енергетика

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Обезбедена е техничка помош за изготвување на Планот за енергија и клима, од страна на донатори.

Целите кои треба да се постигнат со неговата имплементација бараат зајакнат административен капацитет кој треба да одговори на обврските кои ќе произлезат донесувањето на измените.

6.3 Препорачано решение со образложение

Со предложеното решение се воспоставува ефективна законска рамка за обезбедување на интегритет и транспарентност, како и спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо во Република Северна Македонија, меѓусебно известување и координација на активностите на надлежните органи на РСМ со соодветните институции на Енергетската заедница

Предложениете решенија треба да ја достигнат крајната цел а тоа е:

-сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија на крајните потрошувачи во согласност со стратешките определби во областа на енергетиката;

- создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, кој што обезбедува високо ниво на сигурност во снабдувањето со енергија;
- безбедно, сигурно и ефикасно функционирање, одржување и развој на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и системите за дистрибуција на топлинска енергија со цел да се обезбеди високо ниво на услуги за потребите на корисниците на овие системи;
- заштитата на животната средина и климата од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

не

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со законот се предвидува рок за донесување на подзаконскиот акт, со цел за негова успешна имплементација.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:

- Влада на Република Северна Македонија
- Министерство за економија
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Регулаторна Комисија за енергетика

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Обезбедена е техничка помош за изготвување на Планот за енергија и клима, од страна на донатори.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Се предлага Министерството за економија заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање да врши надзор над спроведувањето на Планот за енергија и клима .

Регулаторната комисија за енергетика врз основа на донесениот правилник ќе врши следење и надзор над функционирањето на пазарите на енергија со којшто се уредуваат начинот на евидентирање на учесниците на пазарите, видот, содржината формата, начинот и периодите на доставување и/или објавување на извештаите и податоците, како и начинот и постапката за вршење. Начинот на вршење на надзорот е подетално опишан со одредбите од законот

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Се воспоставува ефективна законска рамка за соработка, меѓусебно известување и координација на активностите на надлежните органи на РМ со соодветните институции на Енергетската заедница.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: март 2020 година**

**Зоран Павловски**
**потпис на државен секретар**

| Изјава од министерот |
|---|
| Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.<br>Датум: 27-03-2020<br>потпис на министерот |

Преглед на добиените и вградените мислења во однос на нацрт текстот за измена на Законот за енергетика

| Институција | Мислење | Статус |
| --- | --- | --- |
| Министерство за Правда Забелешки добиени по е-маил на 02. Декември 2019 | Треба да се измени и членот 215 став (8) бидејќи Државната комисија (како втор степен) ќе се укине до крајот на 2020 година, а надлежноста ќе премине во Управниот суд. Поради ова предлагаме оваа одредба да се преформулира и да гласи: „Против решенијата на прекршочната комисија може да се изјави правно средство до надлежен орган согласно Законот за прекршоците.“ | Постапено е по забелешката ставот 8 е сменет согласно укажувањето. |
| | Ставот (9) треба да се избрише бидејќи водењето на евиденцијата е согласно Правилник донесен од страна на Министерството за правда, а се однесува на сите прекршочни органи. | Постапено е по забелешката ставот (9) е избришан |
| | Во истиот член (215) е утврдена надлежност на Прекршочната комисија и тоа за прекршоците од членовите 217, 228 и 231. И оваа одредба е спорна од причина што Прекршочната комисија може да постапува само за прекршоци за кои е предвидена глоба до 1.000 евра за правно лице, 500 евра за одговорно лице и 250 евра за физичко лице (член 49 од Законот за прекршоците). Поради ова, предлагаме одредбата да се преформулира во смисла на тоа дека за прекршоците за кои е предвидена глоба до 1.000 евра надлежна да биде Комисијата, а за сите други надлежен суд. | Во членот 215 во ставот (2) сменета е воведната реченица и таа гласи: „(2) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците, за кои е предвидена глоба во износ до 1 000 во денарска противвредност евра за правно лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од три члена од редот на лицата вработени |
| | Во член 216, во ставот (2) по | |

| | | |
|---|---|---|
| | зборовите "поведување на прекршочна постапка за прекршоците" се додаваат зборовите „од членовите 217, 218 ставови (2), (3), и (4), 219, 220 ставови (2), (3), (4), (5), 221, 222 ставови (2), (3), (4), (5), 223, 224 ставови (2), (3), (4), (5), 225, 226 ставови (2), (3), (4), (5), 227, 228, 229, 230, 231 и 232".<br><br>Да се проверат точно ставовите и членовите во ставот (2) бидејќи не може да се издава прекршочен платен налог за прекршоци за кои е предвидена глоба во %. (пример 223 став (3).... ) | во министерството, и тоа:"<br><br>Постапено е по мислењето |
| Министерство за Правда мислење од 13.01.2020 | Во член 214 став 2 кој не е опфатен со измените на предлог законот потребно е по бројот „232"да се додадат зборовите како и од членовите 217, 228 11231 за кои е предвидена глоба во износ од над 1000 евра во денарска противвредност за правното лице, над 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и над 250 евра во денарска противвредност за физичко лице. | Постапено е по мислењето<br><br>Во членот 214 во ставот (2) по бројот „232" се додаваат зборовите „како и од членовите 217, 228 и 231 за кои е предвидена глоба во износ над 1 000 евра во денарска противвредност евра за правно лице, над 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и над 250 евра во денарска противвредност за физичко лице." |
| Инспекциски совет мислење од 23. 01.2020 | Потребно е усогласување на нацрт Законот со Насоките за усогласување на посебните закони со новиот Закон за инспекциски надзор.<br><br>Потребно е да се додаде одредба за опомена во делот за вршење на инспекциски надзор и одредба со која ќе се предвиди воспоставување на | Иако беа изработени измени на член 212 и член 213 од Законот за енергетика, заради усогласување со мислењето од Инспекцискиот совет, од причина што останаа некои отворени прашања во однос на измената на овие членови беше договорено со Министерството за |

| | | |
|---|---|---|
| | евиденција на изречените опомени | економија да се координира со инспекциите дали и како ќе се постапува по однос на доставеното мислење. |

**Напомена:** Во однос на мислењето од Инспекцискиот Совет од 23. Јануари 2020 од наша страна беа драфтирани измени во член 212 и член 213 од Законот за енергетика во кои е утврдено постапувањето на инспекторите од ДПИ и ДИТИ, кои беа доставени на е-маил на 30 Јануари 2020 од Дарко. Но, со оглед дека Законот за техничка инспекција беше во владина процедура остана отворено прашањето дали опомената ќе се вклучи во Законот за енергетика. Ова со оглед дека не знаевме со сигурност дали Законот за техничка инспекција ја предвидува опомената и водењето на евиденција на изречените опомени. Затоа остана Министерството за економија да се координира со инспекциите дали и како ќе се постапува по однос на доставеното мислење